**Поврзаноста помеѓу потребите за постигнување и одобрување со себе-обезвреднувањето кај лица во рана зрелост**

**Апстракт:** Рационално-емотивната бихејвиорална терапија (РЕБТ) нагласува дека емоционалните проблеми се главно резултат на системот на уверувања (рационален и ирационален) и ставовите кои личноста ги имаво однос на проблемот, а не на надворешните фактори или проблеми со кои се соочува. Потребата за постигнување и потребата за одобрување се аспекти на ирационалните уверувања кои често се причина за себе-обезвреднување кога личноста нема постигнато одредена цел, односно, не е одобрена или прифатена од некоја значајна личност. Потребата за постигнување и потребата за одобрување во себе содржат ригидност, нелогичност, и не ѝ помаат на личноста во нејзиното севкупно функционирање. РЕБТ стои на ставот дека човековата вредност не може да биде измерена врз основа на некои критериуми или човекови постапки, туку постои сама по себе и не може да биде оценета. Целта на истражувањето е да утврди дали постои поврзаност помеѓу концептите кои воедно се и варијабли: потреба за постигнување и потреба за одобрување со себе-обезвреднувањето, и дали постои разлика помеѓу мажите и жените во однос на потребите за постигнување и одобрување, како и разлика во однос на тенденцијата за себе-обезвреднување. Истражувањето е спроведено на 100 испитаника на возраст од 30 до 40 години (50 мажи и 50 жени). Користени се субскалите за потребата за постигнување, потребата за одобрување и себе-обезвреднување од Скала за мерење на општи ставови и уверувања (анг. General attitude and belief scale) (Bernard, E.M., 1998). Применета е Пирсонова корелација помеѓу потребата за постигнување и себе-озбвреднување ($p<0,01$)и потребата за одобрување и себе-обезвреднување ($p<0,01$). Применета е и статистичка операција (Independent T-test) за тестирање на разликите помеѓу мажи и жени во однос на сите варијабли, и утврдено е дека постојат значајни разлики помеѓу мажите и жените – потреба за постигнување (t(,576), df. 98, sig.(2-tailed) = ,566), потреба за одобрување (t(2,091), df. 98, sig.(2-tailed) = ,039) и себе-озбевреднување (t(2,091), df. 98, sig.(2-tailed) = ,039).

**Клучни зборови:** РЕБТ, потреба за постигнување, потреба за одобрување, себе-обезвреднување, рана зрелост